Извештај
од реализирана активност – мобилност на ученици во рамки на
Erasmus+ проект APPicLearning
во ООУ „Крсте Мисирков“, Скопје,
од 18.11.2019 до 24.11.2019

Во периодот од 18.11.2019 до 24.11.2019 година како дел од Learning/Teaching/Training Activities, во рамките на Erasmus+ проектот, КА2 - Соработка за иновации и размена на добри практики, APPicLearning, беше реализирана краткотрајна размена на ученици со партнер училиштата во проектот. Учениците од ООУ „Крсте Мисирков“ (18 ученици од VII и VIII одделение), беа домаќини на 18 ученици од Полска, Естонија и Германија.














На првиот ден од посетата учесниците во мобилноста беа поздравени од директорот, наставниците и учениците од ООУ „Крсте Мисирков“ Скопје. На 19.11.2019 во училиштето се одбележуваше Патрониот празник на училиштето, па гостите имаа можност да го посетат базарот кој беше организиран и да се запознаат со националните македонски традиции. Учесниците во мобилноста исто така се запознаа и со начинот на организација на наставата во училиштето и им беше презентирано како изгледа еден училишен ден.















Учениците од ООУ „Крсте Мисирков“ Скопје, подготвија кратки презентации за секоја од земјите од каде доаѓаат партнер училиштата и беше поттикната дискусија за најинтересни факти во врска со нив. Беа реализирани различни активности за запознавање на учесниците во мобилноста и подобрување на нивните комуникациски вештини. Во попладневниот дел од активностите учениците презентираа различни апликации за стекнување на знаења на учениците од областа на музичкото и ликовното образование и останатите учесници започнаа со нивно користење. Тука би ги наброиле Virtual Piano, Pottery Lite, итн.




















На вториот ден од мобилноста беше организирана интерактивна тура за разгледување на градот користејќи ја апликацијата Actionbound која го привлече интересот и вниманието на учесниците на мобилноста. Тие се движеа низ градот, учеа нови работи за Скопје, и се обидуваа да ја завршат активноста во најкраток можен рок. Потоа беше посетена општина Гази Баба, каде што Градоначалникот на општината ги поздрави учесниците во проектот и ги запозна со активностите во општината во областа на образованието. Денот заврши со посета на Музејот на македонската борба, каде учесниците во проектот имаа можност да се запознаат со историјата на македонскиот народ.










Третиот ден од мобилноста беше посветен на изучување апликации кои може да се користат во спортот. Неколку апликации (Head Ball, Basketball Battle итн.) беа разгледени и учесниците уживаа додека играа заедно. Во попладневните часови се реализираа различни спортски активности и натпревари. Учесниците комуницираа помеѓу себе, се дружеа и забавуваа. Разговараа и за изучените апликации во првите три дена од мобилноста издвојувајќи ги јаките и слабите страни на секоја апликација и како истите може да се подобрат за да ги задоволат нивните потреби.






 

 

 

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство беше посетен на четвртиот ден од мобилноста. Професорот Владимир Трајковиќ им даде краток вовед на учесниците за важноста на користење на мобилни апликации во наставата. Потоа беше реализирана работилница на која беа идентификувани карактеристиките кои треба да ги има една апликација која се користи во образовни цели, зошто е тоа важно, дали апликацијата треба да биде забавна и/ или едукативна итн. На крајот на посетата учениците работејќи во групи, фокусирајќи се на некој од предметите кои ги изучуваат во училиште и направија план за нивна сопствена апликација. Учениците изготвија интерфејс на мобилна апликација која ќе се користи во едукативни цели. Во

доцните попладневни часови за учесниците беше организирана посета на кањонот Матка каде се реализираа различни спортски активности.





























Последниот ден од мобилноста се организираше во училиштето, каде учесниците беа запознаени со Etwinning платформата, креираа свои кориснички сметки на оваа платформа и започнаа со користење на платформата преку додавање на материјали од изминатите неколку дена. Потоа работејќи во групи ја евалуираа работата за време на мобилноста преку рефлексија на активнотите во изминатите неколку дена. Финален заклучок беше дека мобилноста беше многу интересна, едукативна, учениците (и наставниците) научија нови апликации и сите поминаа одлични заеднички моменти.






Ден 3
Денот започна со презентации за апликациите за спорт Headball 2 и Basketball battle кои имаме можност да ги користиме по презентациите.
Остатокот од денот беше посветен на спортски активности во училишта спортска сала




ACTIONBOUND
PROS
CONS
INTERESTED
COMPETATIVE
INTERACTIVE
LEARN
FUN
COMMUNICATION
FRIENDSHIP
COLLABORATION
NO TIME LIMITS
MORE DETAILED QUESTION
NOT SO SPECIFIC ANSWER


Pottery
Pros
Cons
-easy
-fun
-creativity
-educational
needs more features
full version not for money


Day 1. „Kuzle Misirkov"
Day 2. Actionbound
Day 3. Games
Sports
Day 4. FINKI
Canyon Matka
Day 5. ETwinning



 

Сите информации и фотографии од активностите може да се најдат на TwinSpace на проектот и на Facebook групата: https://www.facebook.com/APPiclearning/

Проектот беше промовиран и преку медиумите: во емисија на 24вести.